СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**17.09.2009 год.**<br>**БРОЈ 9 ГОДИНА 44** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 година.

**Број 08-2285/3**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95) и измените и дополнувањата на Законот ("Сл.весник на РМ" бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/97, 29/02, 40/02, 42/02 и 63/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за формирање /чисти/ паралелки од 1-во до 8-мо одделение со помалку од 25 ученици за учебната 2009/2010 година во следните училишта:

**1. ОУ„Григор Прличев“ - Централно**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1-во одд. | 5 пар. | 107 учен. |
| | 2-ро одд. | 5 пар. | 113 учен. |
| | 3-то одд. | 4 пар. | 66 учен. |
| | 4-то одд. | 5 пар. | 106 учен. |
| | 4-то одд. | 5 пар. | 115 учен. |
| | 5-то одд. | 5 пар. | 113 учен. |
| | 6-то одд. | 5 пар. | 119 учен. |
| | 7-мо одд. | 5 пар. | 121 учен. |
| **ПУ Рача** | 1-во одд. | 1 пар. | 11 учен. |
| | 2-ро одд. | 1 пар. | 13 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 4 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 10 учен. |
| | 4-то одд | 1 пар. | 15 учен. |
| | 5-то одд. | 1 пар. | 17 учен. |
| | 6-то одд. | 1 пар. | 13 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 13 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 15 учен. |

**2. ОУ„Св.Климент Охридски“ – Охрид**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Централно** | 1-во одд. | 2 пар. | 30 учен. |
| | 2-ро одд. | 2 пар. | 25 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 18 учен. |
| | 4-то одд | 2 пар. | 30 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 24 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 24 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 37 учен. |
| | 7-мо одд. | 2 пар. | 37 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 40 учен. |

**ПУ Даљан**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1-во одд. | 1 пар. | 7 учен. |
| | 2-ро одд. | 1 пар. | 13 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 5 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 4 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 9 учен. |

**3. ОУ „Братство-Единство“ – Охрид**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | 1-во одд. | 4 пар. | 59 учен. |
| | 2-ро одд. | 4 пар. | 81 учен. |
| | 3-то одд.. | 3 пар. | 49 учен. |
| | 4-то одд. | 3 пар. | 56 учен. |
| | 4-то одд. | 4 пар. | 61 учен. |
| | 5-то одд. | 3 пар. | 64 учен. |
| | 6-то одд. | 4 пар. | 78 учен. |
| | 7-мо одд. | 3 пар. | 67 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 43 учен. |

**Турски јазик**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1-во одд. | 1 пар. | 19 учен. |
| | 2-ро одд. | 2 пар. | 28 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 11 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 18 учен. |
| | 4-то одд. | 1 пар. | 12 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 36 учен. |
| | 7-то одд. | 1 пар. | 21 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 20 учен. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Албански јазик** | 1-во одд. | 2 пар. | 30 учен. |
| | 2-ро одд. | 2 пар. | 29 учен. |
| | 3-то одд. | 1 пар. | 18 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 40 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 34 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 47 учен. |
| | 8-мо одд. | 2 пар. | 44 учен. |

**4. ОУ„Кочо Рацин“ - Охрид**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Централно** | 1-во одд. | 2 пар. | 37 учен. |
| | 2-ро одд. | 2 пар. | 39 учен. |
| | 3-то одд. | 2 пар. | 33 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 32 учен. |
| | 4-то одд. | 2 пар. | 34 учен. |
| | 5-то одд. | 2 пар. | 42 учен. |
| | 6-то одд. | 2 пар. | 35 учен. |
| | 7-мо одд. | 2 пар. | 42 учен. |

**ПУ Долно Лакочереј**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 14 учен. |
| 2-ро одд. | 1 пар. | 13 учен. |
| 3-то одд. | 1 пар. | 9 учен. |
| 4-то одд. | 1 пар. | 6 учен. |
| 4-то одд. | 1 пар. | 5 учен. |
| 5-то одд. | 1 пар. | 14 учен. |
| 6-то одд. | 1 пар. | 7 учен. |
| 7-мо одд. | 1 пар. | 12 учен. |
| 8-мо одд. | 1 пар. | 9 учен. |

**5. ОУ „Св.Наум Охридски“ -Пештани**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 1 пар. | 17 учен. |
| 2-ро одд. | 1 пар. | 8 учен. |
| 3-то одд. | 1 пар. | 5 учен. |
| 4-то одд | 1 пар. | 7 учен. |
| 4-то одд. | 1 пар. | 15 учен. |
| 5-то одд. | 2 пар. | 24 учен. |
| 6-то одд. | 2 пар. | 23 учен. |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 41 учен. |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 41 учен. |

**ПУ Елшани**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2-во одд. | 1 пар. | 10 учен. |
| ПУ Коњско | 4-то одд. | 1 пар. | 9 учен. |

**6. ОУ„Живко Чинго“ - с.Велгошти**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 2 пар. | 35 учен. |
| 2-ро одд. | 2 пар. | 36 учен. |
| 3-то одд. | 1 пар. | 21 учен. |
| 4-то одд. | 1 пар. | 24 учен. |
| 4-то одд. | 2 пар. | 31 учен. |
| 5-то одд. | 2 пар. | 30 учен. |
| 6-то одд. | 1 пар. | 19 учен. |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 37 учен. |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 26 учен. |

**7. ОУ„Ванчо Николески“ - с.Лескоец**

| | | |
|---|---|---|
| 1-во одд. | 2 пар. | 29 учен. |
| 2-ро одд. | 2 пар. | 37 учен. |
| 3-то одд. | 1 пар. | 24 учен. |
| 4-то одд. | 2 пар. | 33 учен. |
| 4-то одд. | 1 пар. | 21 учен. |
| 5-то одд. | 2 пар. | 35 учен. |
| 6-то одд. | 2 пар. | 32 учен. |
| 7-мо одд. | 2 пар. | 31 учен. |
| 8-мо одд. | 2 пар. | 37 учен. |

**ПУ Косел**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 5-то одд. | 1 пар. | 3 учен. |
| | 6-то одд. | 1 пар. | 9 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 9 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 10 учен. |
| **ПУ Куратица** | 5-то одд. | 1 пар. | 2 учен. |
| | 6-то одд. | 1 пар. | 3 учен. |
| | 7-мо одд. | 1 пар. | 2 учен. |
| | 8-мо одд. | 1 пар. | 3 учен. |

**8.ОУ „ Христо Узунов“ – Охрид**

| | | |
|---|---|---|
| 3-то одд. | 5 пар. | 117 учен. |
| 4-то одд. | 5 пар. | 109 учен. |

**Член 2**

Како комбинирани паралелки со помалку од 25 ученици од 1-во до 8-мо одделение во учебната 2009/2010 година ќе работат следните:

**1. ОУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани**

**ПУ Елшани**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1-ро и 4-то одд. | 1 пар. | 9 учен. |
| | 3-то и 4-то одд. | 1 пар. | 17 учен. |
| **ПУ Коњско** | 1-во и 3-то одд. | 1 пар. | 10 учен. |
| | 2-ро и 4-то одд. | 1 пар. | 7 учен. |

**ПУ Трпејца**

| | | |
|---|---|---|
| 2-ро и 3-то и 4-то | 1 пар. | 3 учен. |

**3. ОУ „Ванчо Николески“с.Лескоец**

**ПУ Косел**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2-ро и 4-то одд. | 1 пар. | 5 учен. |
| | 1-во и 4-то одд. | 1 пар. | 4 учен. |
| **ПУ Куратица** | 1-во 3-то и 4-то одд. | 1 пар. | 11 учен. |
| | 2-то и 4-то одд. | 1 пар. | 7 учен. |
| **ПУ Вапила** | 2-ро, 3-то и 4-то одд. | 1 пар. | 8 учен. |

**4. ОУ „Кочо Рацин“ – Охрид**

**ПУ Долно Лакочереј**

2-то и 4-то одд. 1 пар. 19 учен.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-2285/3**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОЕМУЦ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 година.

**Број 08-2285/4**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95) член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 год. ј донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОЕМУЦ„СВ. НУМОХРИДСКИ“ –ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалку од 25 ученици за учебната 2009/2010 год. во ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“-Охрид и тоа:

| **МАШИНСКА СТРУКА** | | **ЗАНИМАЊЕ** |
|---|---|---|
| I - а | 18 ученици | машинско-енергетски техничар, автотехничар мехатроничар |
| I - б | 20 ученици | машински техничар |
| I - а | 18 ученици | машинско-енергетски техничар и автотехничар мехатроничар |
| II - б | 18 ученици | машински техничар |
| III - б | 20 ученици | машински техничар |

| **ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА СТРУКА** | | **ЗАНИМАЊЕ** |
|---|---|---|
| I - 1 | 18 ученици | електротехничар енергетичар |
| I - 3 | 20 ученици | електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| I - 5 | 14 ученици | електромехничар (максимален број на ученици во паралелка е 24 ученици) |
| II - 1 | 16 ученици | електротехничар енергетичар |
| II - 2 | 22 ученици | електротехничар за електроника и телекомуникации |
| II - 5 | 12 ученици | електромехничар (максимален број на ученици во паралелка е 24 ученици) |
| III - 1 | 22 ученици | електротехничар енергетичар |
| III - 2 | 22 ученици | електротехничар за електроника и телекомуникации |
| III - 3 | 22 ученици | електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| III - 5 | 16 ученици | електромехничар |
| IV - 3 | 23 ученици | електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| IV - 4 | 24 ученици | електротехничар за компјутерска техника и автоматика |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/4**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОСУ„Св.Климент Охридски“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 година.

**Број 08-2285/ 5**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование (“Сл. весник на РМ“ бр. 44/95) член 18 од Статутот на општина Охрид (“Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 год. ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалку од 25 ученици за учебната 2009/2010 год. во ОСУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид и тоа:

| | | | |
|---|---|---|---|
| I год. | 1 паралелка | 18 ученици | здравствена струка |
| III год. | 3 паралелки | 21-22 учен. | Природно–матаматичка струка |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/5**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОУТУ„ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОУТУ„Ванчо Питошески“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 г.

**Број 08-2285/6**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средно образование (“Сл. весник на РМ“ бр. 44/95) член 18 од Статутот на општина Охрид (“Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 год. ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОУТУ“ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“-ОХРИД

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање паралелки со помал број на ученици од законскиот минимум, односно со помалку од 25 ученици за учебната 2009/2010 год. во ОУТУ„Ванчо Питошески" Охрид и тоа:

I –1   15 ученици

I -2   15 ученици

I -7   21 ученици

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-2285/6**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ САЛИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот за уредување начинот на издавање на училишните спортски сали, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 година.

**Број 08-2285/ 7**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 год. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ САЛИ**

1. Се задолжуваат директорите на Основните и средните училишта, кои имаат спортски сали, а кои истите, покрај за вршењето на образовната дејност во истите, ги издаваат на користење за паричен надоместок, при склучувањето на договорите за користење на салите и утврдување на термините за нивно користење, предимство да им даваат на спортските клубови и на спртските школи и здруженија, а доколку има слободни термини да им се издава на граѓани за рекреативен спорт, а врз основа на утврдени услови и цена.
2. Градоначалникот и општинската администрација се обврзуваат да ги превземат сите мерки за доследна примена на овај заклучок.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/7**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ-ЧУДОТВОРЕЦ“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за подигање спомен обележје на „Св.Наум Охридски-Чудотворец“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/8**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 5, 8 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја ( "Сл.весник на РМ". бр.66/04),член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ НА**
**СВ. НАУМ ОХРИДСКИ - ЧУДОТВОРЕЦ**

**Член 1**

Се покренува иницијатива за подигање спомен-обележје на Св.Наум Охридски -Чудотворец.

**Член 2**

За спроведување на иницијативата за подигање споменик на Св.Наум Охридски-Чудотворец, како и за реализација на истиот, ќе биде одговорен Одбор за подигање на спомен - обележјето.

Одборот за подигање на спомен-обележјето ќе го именува Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Потребните средства за реализација на иницијативата и чување на спомен-обележјето ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Охрид, Министерство за култура и евентуални донатори.

**Член 4**

Спомен-обележјето на Св.Наум Охридски-Чудотворец, ќе биде поставено на К.П.бр.16461 КО Охрид.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2009 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ**
**СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ-ЧУДОТВОРЕЦ“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање Одбор за подигање спомен обележје на „Св.Наум Охридски-Чудотворец“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/9**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Сл.весник на РМ“бр.66/04), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН–ОБЕЛЕЖЈЕ НА СВ. НАУМ ОХРИДСКИ - ЧУДОТВОРЕЦ

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Одбор за подигање на спомен обележје на Св. Наум Охридски – Чудотворец.

**Член 2**

Одборот за подигање на спомен обележје ќе го сочинуваат :

- **ЈОНЕ СТАНКОВСКИ - претседател**
- **ЈОВАНКА ДАМОВСКА - член**
- **ДРАГАН ПАНДЕСКИ - член**
- **ЉУБИЦА БОШЊАКОВА-ПЕЈОСКА - член**
- **СЕРАФИМ НАУМОСКИ - член**
- **НИКОЛА ЦЕЛАКОСКИ - член**
- **ИГОР НИКОВСКИ - член**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-2285/9**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/10**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид” бр.8/07 и 1/08 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Охрид, видовите на организациски облици, условите за нивно образување и раководење со нив.

**Член 2**

(1) Општинската администрација на Општина Охрид ( во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот.

(2) Општинската администрација:

- ги подготвува актите за Советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и привремени комисии;

- врши стручни работи за Советот и градоначалникот;
- го води сметководството на Општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање ;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документита на Општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија и
- врши и други работи што ќе и ги определи Советот и градоначалникот.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

**Член 3**

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на општината.

**Член 4**

(1) Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на Општината, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

(2) Одделение се образува заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациски, информативно-комуникациски,стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициски, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

(3) Територијална противпожарна единица на Општината се образува заради вршење на со закон утврдените работи од областа на заштита од пожари.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТАЦИЈА

**Член 5**

(1) Општинската администрација се организира во следните сектори, одделенија и Територијална противпожарна единица на Општината.

**1. Сектор за правни и општи работи;**
- Одделение за правни и општи работи;
- Одделение за поддршка на Советот;
- Одделение за јавни набавки;

**2. Сектор за финансии и развој;**
- Одделение за финансии, буџетско планирање и анализа;

- Одделение за книговодство и евиденција;
- Одделение за даноци;
- Одделение за комунални такси;

**3. Сектор за урбанизам и заштита на животна средина;**

- Одделение за просторно, урбанистичко планирање и управување со градежно земјиште;
- Одделение за спроведување на урбанистички планови;
- Одделение за заштита на животната средина;

**4. Сектор за комунални дејности , сообраќај и улици ;**

- Одделение за комунални дејности;
- Одделение за сообраќај;

**5. Сектор за туризам и локален економски развој;**

- Одделение за туризам;
- Одделение за локален економски развој;

**6. Сектор за јавни дејности;**

- Одделение за образование, култура, детска, здравствена и социјална заштита;
- Одделение за спорт, млади и невладини организации;

**7. Сектор за поддршка на градоначалникот;**

- Одделение за протокол;
- Оделение за односи со јавност;

**8. Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат;**

**9. Одделение за управување со човечки ресурси;**

**10. Одделение за внатрешна ревизија;**

**11. Територијална противпожарна единица на Општината.**

(2) Составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ на организацијата на општинската администрација на Општината (органограм).

**Член 6**

**(1) Секторот за правни и општи работи** ги врши работите поврзани со: подготвувањето на актите за Советот и Градоначалникот, подготвувањето на седници на Советот и на неговите комисии и вршење стручни работи за Советот; ракување и чување на документите на Општината до нивно предавање на Државниот архив на РМ; постапката за експропријација на недвижности; заштитата и спасувањето на луѓето, материјалните добра; јавните набавки во Општината; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација и врши други работи што ќе му бидат доверени.

(1-1) **Одделението за правни и општи работи:**

- ги подготвува нормативните како и поединечните акти од надлежност на Советот и градоначалникот;
- ги врши работите во врска со постапката за експропријација на недвижности;
- ги врши работите што се однесуваат на канцелариското и архивското работење;
- ги организира активностите на облиците на месна самоуправа;
- ги врши работите што се однесуваат на заштитата и спасувањето на

луѓето, материјалните добра од природни непогоди и други несреќи во мир и во војна;

- ги врши работите поврзани со возниот парк;
- ги врши работите поврзани со одржувањето на чистотата во работните простории и општинското дворно место.
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(1-2) **Одделението за поддршка на Советот:**

- ја подготвува програмата за работа на Советот;
- ги подготвува седници на Советот и на неговите комисии;
- ги врши стручно-административните работи за Советот;
- ги врши работите што се однесуваат на организирање средби и патувања за членовите на Советот;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(1-3) **Одделението за јавни набавки:**

- го изготвува годишниот план за јавни набавки и води сметка за неговото спроведување;
- го утврдува начинот на постапката во зависност од видот и вредноста на набавката согласно Законот за јавните набавки;
- издава предлог за одобрување на потребните набавки;
- ја изготвува техничката документација потребна за јавите набавки;
- ја следи работата на комисијата за јавни набавки и дава стручна и техничка помош;
- изготвува договори за јавните набавки и го следи нивното спроведување;
- предлага мерки и активности за спречување на јавни набавки надвор од годишниот план и средствата предвидени со Буџетот на општината;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 7**

**(2) Секторот за финансии и развој** ги врши работите поврзани со: подготвување и извршување на буџетот; тековна анализа на остварувањето на буџетот со предлагање на корективни активности за усогласување со утврдените приходни и расходни активности; администрирање, утврдување, наплата и следење на наплатата на даноците, комуналните такси и надоместоци кои се приходи на општината утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација и врши други работи што ќе му бидат доверени.

(2-1) **Одделението за финасии, буџетско планирање и анализа:**

- го изготвува предлог буџетскиот календар во кој се утврдуваат роковите за изготвување и донесување на буџетот на Општината;
- го изготвува предлог буџетот на Општината;
- ги изготвува предлозите за прераспределба на средствата помеѓу буџетските позиции во текот на буџетската година;

- врши усогласување на предлог програмите за работа со предлог буџетот;
- ја следи динамиката на остварување на буџетот и изготвува предлог мерки за подобрување на реализацијата на истиот
- го реализира и ја следи динамиката на извршувањето на буџетот на Општината;
- врши анализа на финансовите показатели во текот на буџетската година како основа за преземање корективни активности за намалување на слабостите во одредени буџетски сегменти;
- изготвува годишни и квартални финансиски планови и извештаи за реализација на програмите, наменските дотации за капиталните инвестиции и делегирани надлежности во согласност со усвоениот буџет и законската регулатива и истите преку градоначалникот ги доставува до Советот и Министерството за финансии;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(2-2) **Одделението за книговодство и евиденција:**

- врши активности поврзани со книговодствената евиденција во Општината согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- води аналитичка евиденција на залихи, средства во подготовка и имот на Општината по утврдена вредност на истите;
- подготвува предлог-мерки и упатства за вршење на пописот во Општината, го следи спроведувањето на пописот и врши усогласување со книговодствената евиденција;
- предлага отпис на амортизирани средства и инвентар и ја предлага постапката на отписот;
- води евиденциска книга на влезни и излезни фактури по динамика на нивно настанување, врши исплата и ликвидација на фактури, ситуации и договори по налог на градоначалникот во рамките на предвидените средства во буџетот и усвоените програми;
- се грижи за исправноста на содржината на примените фактури и ситуации, ја утврдува нивната потврденост од надзорниот орган, ја следи нивната усогласеност со договорот за набавка и презема активности за отстранување на евентуални неправилности;
- ја следи наплатата на побарувањата на Општината и презема мерки за нивна реализација, подготвува опомени и подготвува документација за нивна наплата по судски пат водејќи сметка за законските рокови;
- ја изготвува годишната предлог-сметка на буџетот на Општината и извештајот по истата;
- изготвува книговодствени извештаи за потребите на Советот и градоначалникот;
- врши благајнички активности во согласност со важечките прописи;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(2-3) **Одделението за даноци:**

- ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со даноци кои согласно законот претставуваат извори на финансирање на Општината;
- ја следи наплатата на даноците;
- подготвува извештаи и информации за состојбите во областа на даноците;
- се грижи за извршување и присилна наплата на даноците;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(2-4) **Одделението за комунални такси:**

- ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно законот претставуваат извори на финансирање на Општината;
- ја следи наплатата на комуналните такси;
- подготвува извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси;
- се грижи за извршување и присилна наплата на комуналните такси;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

**Член 8**

**(3) Секторот за урбанизам и заштита на животна средина** ги врши работите поврзани со: урбанистичкото планирање на просторот, издавање на услови и одобренија за градба на објекти од локално значење утврдени со закон; заштита на животната средина и природата и преземање мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата; управување со градежното земјиште; следење на состојбата во областите и предлагање мерки и активности за подобрување на истите; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација и врши други работи врз основа на Законот за градење, Законот за урбанистичко планирање, Законот за градежно земјиште и Законот за животна средина и други закони.

(3-1) **Одделението за просторно, урбанистичко планирање и управување со градежно земјиште:**

- ги врши работите што се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на просторот во општината;
- поткренува иницијатива и предлози за донесување, изменување и дополнување на генерални и детални урбанистички планови;
- ја подготвува годишната програма за урбанистичко планирање на просторот;
- го следи спроведувањето на урбанистичките планови;
- подготвува анализи и информации за состојбите во урбанистичкото планирање;
- подготвува програма за управување со градежно земјиште;

- води постапка за регулирање на градежното земјиште и начинот на неговото управување;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(3-2) **Одделението за спроведување на урбанистички планови:**
- ги издава изводите од урбанистичките планови;
- ги издава решенијата за локациски услови;
- ги издава одобренијата за градба на објекти;
- врши одобрување на техничката документација;
- ги издава одобренијата за употреба на објекти;
- врши увид во реализацијата на планската документација и поведува иницијатива за измена и дополнување на истата;
- изготвува анализи, информации и дава предлози за промена на законската регулатива за спроведување на урбанистичките планови;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(3-3) **Одделението за заштита на животната средина:**
- подготвува анализи и информации за состојбите со животната средина и природата;
- предлага мерки за заштита на животната средина и природата;
- предлага мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и почвата;
- води постапка за издавање Б интегрирани еколошки дозволи;
- води постапка за одобрување на елаборати за оценка на влијанието врз животната средина;
- врши контрола на загадувањето;
- врши подготовка на проекти и следење на проектната имплементација;
- врши мониторинг на животната средина;
- води постапка за одобрување на програма за управување со отпад;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

**Член 9**

**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ**

**(4) Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици** ги врши работите поврзани со: уредувањето на градежното земјиште; изградба, реконструкција и одржување на улиците и други инфраструктурни објекти од значење и надлежност на Општината; врши изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување; врши изградба и одржување на паркови и зеленила; го уредува и организира општинскиот линиски превоз на патници и такси превозот на патници; го организира режимот на сообраќај; врши изградба и одржување на сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на стационарниот сообраќај; го организира и регулира користењето на јавните површини; врши изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта; врши определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти;

врши следење на состојбата во областите и предлагање мерки и активности за подобрување на истите; ја координира работата во Секторот, како и соработката со другите сектори во рамките на општинската администрација и врши други работи врз основа на законските и подзаконските акти на Република Македонија, како и одлуките донесени од страна на Советот на општина Охрид.

**(4-1) Одделение за комунални дејности:**

- ги врши работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште и изготвува годишна програма за уредување на градежно земјиште;
- изготвува годишна програма за изградба и одржување на објекти од електроенергетска инфраструктура и нисконапонска мрежа;
- изготвува развојни и годишни програми за водоснабдување;
- изготвува развојни и годишни програми за канализациски мрежи и атмосферски мрежи;
- изготвува програма за користење и одржување на речните корита во урбаните зони од општината;
- ја потготвува листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
- изготвува и обезбедува техничка документација за сите горенаведени активности;
- врши стручен надзор во реализацијата на сите работи од програмите за работа на одделението;
- издава дозвола за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас;
- дава квартални и годишни извештаи за реализацијата на програмите од одделението;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот на општина Охрид и градоначалникот на Општина Охрид.

**(4-2) Одделение за сообраќај и улици:**

- го уредува динамичкиот и стационарниот режим на сообраќај;
- го организира општинскиот линиски превоз на патници;
- го организира такси-превозот на патници;
- изготвува развојна и годишна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици;
- изготвува годишна програма за одржување на локалните патишта и улици;
- изготвува годишна програма за изградба и одржување на мрежи за јавно осветлување;
- изготвува годишна програма за изградба и одржување на јавни паркови и зеленила;
- изготвува годишна програма за јавна чистота;
- изготвува програма за изградба и одржување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација;
- подготвува програма за зимско одржување на локалните патишта и улици;

- дава квартални и годишни извештаи за реализација на сите програми во надлежност на одделението;
- врши стручен надзор на динамичкиот и стационарниот сообраќај;
- врши стручен надзор врз реализацијата на сите донесени програми од страна на Советот на општина Охрид, а се однесуваат на одделението;
- издава лиценци за општински линиски превоз на патници и такси превоз на патници, дозволи за посебен линиски превоз и води регистар за истите;
- издава одобренија за превоз на патници и стока во внатрешната пловидба;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот на општина Охрид и градоначалникот на општина Охрид.

**Член 10**

**(5) Секторот за туризам и локален економски развој** ги врши работите поврзани со: промовирање на туристичките вредности на општината; туристичка и угостителска дејност од мал обем; локалниот економски развој преку изработка на програми и мерки за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво и вршителите на занаетчиска дејност; развојот на информатичката технологија за потребите на Општината; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација.

(5-1) **Одеделението за туризам:**
- врши промовирање на туристичките вредности на општината;
- ги подготвува програмите и предлага мерки за развој на облиците на туристичка и угостителска дејност од мал обем;
- го води регистарот на вршители на туристичка и угостителска дејност од мал обем;
- дава туристички информации и врши дистрибуција на информативно промотивни материјали;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(5-2) **Одделението за локален економски развој:**
- подготвува програми и предлага мерки за поддршка на малите и средните претпријатија, занаетчиството и претприемаштвото на локално ниво
- ја воспоставува и развива мрежата на институции и агенции за промовирање на партнерството;
- ја развива информатичката технологија преку изработка на бази на податоци за потребите на општината, конфигурирање, контрола, одржување и дополнување на хардверски и софтверски потсистеми;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

**Член 11**

**(6) Секторот за јавни дејности** ги врши работите поврзани со: следење на состојбата во областите на образованието, културата, здравството, социјалната заштита, спортот во рамките на надлежностите кои општината

задолжително ќе ги извршува; следење и поттикнување на активностите на здруженијата на граѓани и фондации чија активност е од интерес на општината; следење на прописите од овие области и предлагање мерки и активности што треба да ги преземат Советот и градоначалникот; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација.

(6-1) **Одделението за образование, култура, детска, здравствена и социјална заштита:**

- ја ажурира базата на податоци за бројот, половата и етничката структура
на учениците, бројот,етничката и образовната структура на наставниот кадар и техничкиот персонал во училиштата и градинката;

- ги проверува и доставува до Министерството за образование и наука, основните податоци за дејноста основно и средно образование;
- изготвува информации за состојбата со објектите во училиштата и градинката;
- изготувува програма за тековно инвестициско одржување на објектите во училиштата и градинката;
- изготвува информации за капиталните образовни инвестициски приоритети кои ги доставува до Министерството за образование и наука;
- изготвува предлог-план за упис на ученици во прва година во средните училишта;
- изготвува регистар на основните и средни училишта;
- изготвува регистар на спомен-обележјата;
- учествува во реализацијата на годишната програма на комисијата за одбележување празници и манифестации;
- подготвува информации од сферата на здравството и социјалната политика;
- остварува перманентна соработка со ресорните министерства и благовремено ги доставува сите барани податоци, извештаи и информации;
- ги следи промените во законската регулатива и преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа доставува свои мислења, предлози и забелешки на нацрт-документите кои се предлагаат, а кои се однесуваат на образованието, културата, детската, здравствената и социјалната заштита;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

(6-2) **Одделението за спорт, млади и невладини организации:**

- остварува непосредна соработка со спортските клубови, здруженијата на младите и невладините организации;
- ја координира работата на невладиниот сектор во општината;
- учествува во реализацијата на конкретни општествено значајни проекти, иницирани од здруженијата на младите и невладините организации;
- учествува во организацијата на значајни спортски манифестации од државен и меѓународен карактер;
- изготвува информации за состојбите и проблемите на младите и невладиниот сектор;
- изготвува информации за спортски инвестициски приоритети и истите ги доставува до Агенцијата за млади и спорт;

- организира предавања, трибини и работилници со актуелни теми од доменот на младите;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

**Член 12**

**(7) Секторот за поддршка на градоначалникот** ги врши работите поврзани со: организирање на работни и други средби на градоначалникот; координирање мерки и активности со протоколи на домашни и странски делегации; одржување и развивање на соработка со збратимени и пријателски градови; организирање на јавните настапи на градоначалникот во средствата за јавно информирање, конференции, трибини и сл; поготвување јавни анкети, брошури и други документи по прашања од значење за општината; ја координира својата работа со работата на другите сектори во рамките на општинската администрација.

(7-1) **Одделението за протокол:**

- ги организира и спроведува церемонијалите на градоначалникот за време на официјални, свечени и работни посети на официјални лица на Општината;
- врши координација на активностите со протоколи на државние институции при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- врши координација на активностите со протоколи на странските држави при планирање и реализација на посета на официјални делегации на Општината;
- соработува со лица и служби кои вршат иста или слична дејност од државните институции, странските делегации и невладини организации при договорени активности;
- ги координира активностите при организирање трибини, советувања и други јавни случувања од значење на Општината;
- ја координира соработката со меѓународни организации чија дејност е од посебна важност за Општината;
- ги одржува и обновува контактите со збратимените и пријателски градови и поттикнува соработка и контакти со други градови и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од градоначалникот и Советот.

(7-2) **Одделението за односи со јавност:**

- ги организира прес-конференциите, брифинзите и интервјуата за медуимите со градоначалникот и раководителите од администрацијата на Општината;
- ги подготвува соопштенијата за јавноста;
- го следи доставувањето на информациите од одделните сектори во општинската администрација, Советот на општината, јавните претпријатија и другите јавни установи и служби основани од Општината и доставува барања за информации што треба да се пласираат до медиумите до раководителите на

секторите во општинската администрација, Советот на општината, јавните претпријатија и другите јавни установи и служби основани од Општината;

- остварува редовна соработка и размена на информации со службите или вработените надлежни за односи со јавноста во јавните претпријатија и јавните установи основани од Општината;
- дава писмени одговори на прашањата од новинарите поставени преку отворената линија за новинари;
- го анализира односот на одделните медиуми кон покривањето на настаните и пласирањето на информациите за работата на општината и предлага активности и мерки за унапредување на имиџот на општината;
- предлага мерки и активности за унапредување на транспарентноста на работењето на општината, ги подготвува или го координира подготвувањето на одговорите на прашањата на граѓаните доставени преку отворената телефонска линија за граѓаните;
- ги организира и ги дефинира информациите за веб-страницата на Општината;
- го организира спроведувањето анкети и ги организира јавните трибини при изготвување одделни прописи и стратешки и развојни документи на Општината, како и анкетите за мерење на ставот на граѓаните за определени прашања и проблеми во општината;
- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од градоначалникот и Советот.

**Член 13**

**(8) Одделението за инспекциски надзор – Инспекторатот** врши инспекциски надзор во областа на:

- урбанистичкото планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон;
- комуналните дејности од надлежност на Општината во согласност со закон;
- утврдувањето и наплатата на даноците на имот, наплатата на комуналните такси и наплатата на таксата за привремен престој;
- заштита на животната средина и природата, квалитетот на амбиенталниот воздух;
- угостителство-вршители на угостителска дејност од мал обем;
- туристичка дејност- вршители на туристичка дејност од мал обем;
- превоз на патници од надлежност на Општината во согласност со закон;
- основно и средно образование-основни и средни училишта;
- спорт-спортски објекти во сопственост на Општината, услови за вршење дејност спорт, остварување на програмите донесени од Советот, остварување на правата на спортските клубови основани од Општината;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени во согласност со законите и другите прописи.

**Член 14**

**(9) Одделението за управување со човечки ресурси:**

- ги следи и спроведува законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси;
- го подготвува актот за организација на општинската администација;
- го подготвува правилникот за систематизација на работните места;
- ја подготвува годишната програма за стручно оспособување и усовршување на службениците во општинската администрација;
- предлага политики за управување со човечките ресурси во органот;
- ги подготвува актите врзани со вработувањето во општинската администрација;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и градоначалникот.

**Член 15**

**(10) Одделението за внатрешна ревизија:**

- врши внатрешна ревизија, согласно со законот и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината, согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;
- подготвува план за внатрешна ревизија и по одобрување од градоначалникот, го обезбедува неговото спроведување и следење;
- доставува извештаи за извршена внатрешна ревизија до градоначалникот и Советот на општината;
- подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- врши оценување на значајните фактори на ризик и дава совети на градоначалникот за нивно намалување;
- врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
- ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите, подзаконските акти и актите на Општината.

**Член 16**

**(11) Територијалната противпожарна единица на Општината** ги врши следните работи:

- гаснење пожари на подрачјето на општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;

- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснење големи пожари на целата територија на Република Македонија во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави во координација со Дирекцијата за заштита и спасување;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица согласно законот и подзаконските акти;
- тековна поправка и одржување на техниката и опремата;
- противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;
-едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање предавања, преку медиуми и организирање на други активности и
- врши и други работи што ќе и бидат доверени.

**III. РАКОВОДЕЊЕ**

**Член 17**

Со општинската администрација раководи градоначалникот.

**Член 18**

(1) Со сектор раководи раководител на сектор.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот.

(3) Со одделение раководи раководител на одделение.

(4) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен државен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

**Член 19**

(1) Со Територијалната противпожарна единица на општината раководи командир.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на командирот, соТериторијалната противпожарна единица на општината раководи командир на одделение кој тој ќе го определи.

(3) Со одделение раководи командир на одделение.

**Член 20**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работните места го утврдува градоначалникот со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

Со влегувањето во сила на оваа длука престанува да важи Одлуката за организација на општинската администрација на Општина Охрид бр.07-344/15 од 28.02.2008 година („Сл.гласник на општина Охрид” бр.1/08).

**Член 22**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид”, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за државни службеници.

**Број 07-2285/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2009 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2009 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/11**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот,** што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/11-1**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 год. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Заради утврдување на фактичката состојба за туристичката такса да се побара извештај од Општинскиот инспекторат и Одделението за финансии и буџет при локалната самоупрва особено за задолжувањата и наплатеното, за сите правни и физички лица кои се обврзници на туристичка такса и тоа за периодот од 01.01.2009 год. до 30.08.2009 год.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2285/11-1**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката заусвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/12**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид, за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/ 12**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ТЦ „АМАМ“-ОХРИД, СОПСТВЕНОСТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за оттуѓување на деловен простор во „Амам“-Охрид, сопственост на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/ 13**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТУЃУВАЊЕ ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ТЦ„АМАМ“ ОХРИД, СОПСТВЕНОСТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД.**

**Член 1**

Се дава согласност на одлуката за отуѓување деловен простор во ТЦ „Амам“ Охрид, сопственост на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид. број 02-2200/4 од 25.08.2009 год. донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2009 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ГРАДСКИ ПАЗАР-ОХРИД, СОПСТВЕНОСТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за оттуѓување на деловен простор во Градски пазар-Охрид, сопственост на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2009 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТУЃУВАЊЕ ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ГРАДСКИОТ ПАЗАР -ОХРИД СОПСТВЕНОСТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“- ОХРИД.**

**Член 1**

Се дава согласност на одлуката за отуѓување деловен простор во Градскиот пазар-Охрид сопственост на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид, број 02-2019/5 од 10.08.2009 год. донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/14**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛНИ САДОВИ ЗА ОТПАД ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА КОМУНАЛНАТА УСЛУГА-ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за задолжително користење специјални садови за отпад за корисниците на комуналната услуга-подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/15**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛНИ САДОВИ ЗА ОТПАД ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА КОМУНАЛНАТА УСЛУГА–ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

**Член 1**

Се дава согласност на одлуката за задолжително користење на специјални садови за отпад за корисниците на комуналната услуга–подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад бр. 02-2019/10 од 10.08.2009 год. донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“- Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/ 15**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА И УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за одржување на јавната чистота и утврдување надоместок за одржување на јавната чистота, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/16**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота („Сл. весник на РМ“ бр.111/08) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА И УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

**Член 1**

Со оваа одлука се регулира одржувањето на јавната чистота на јавни површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистење на снег и мраз, отстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота како и мерките за спроведување на одлуката.

Одржувањето на јавната чистота и собирањето на сметот на територијата на Општина Охрид го врши ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид.

**Член 2**

Видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката, начинот на вршење на работите, поставувањето на садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти се утврдуваат со Годишна програма донесена од страна на Советот на општина Охрид.

**Член 3**

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот за одржување на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територијата на Општина Охрид и потребата-обемот за одржување на јавната чистота во зависност од местоположбата на живеалиштата на домаќинствата, односно седиштата на правните лица и деловните единици, како и видот на дејноста што ја вршат.

**Член 4**

За физичките лица, односно за домаќинставата кои постојано живеат на територијата на Оштината Охрид надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 70, 60, 50 и 40 ден. месечно. Надоместокот е утврден во зависност од местоположбата на живеалиштето по категории, односно реони, утврдени со Годишната програма наведена во член 2 од оваа Одлука.

За сопствениците на семејни згради и сопственици на станови во колективни згради кои не живеат постојано во станбениот објект надоместокот изнесува 1500,оо ден. годишно.

За правните лица и деловните единици кои извршуваааt угосителска дејност, за правните лица и вршителите на угостителска дејност од мал обем, кои се занимаваат со продажба на брза храна, надоместокот за извршената услуга за одржување на јавната чистота изнесува 750,оо ден. месечно.

За правните лица кои извршуваат трговска или друга стопанска дејност , надоместокот за извршена услуга одржување на јавна чистота изнесува 250,оо ден. месечно, односно 150,оо ден. месечно, во зависност од атрактивноста на местоположбата на деловниот простор односно објект или фреквенцијата на луѓе која ја предизвикува со своето работење.

За адвокатска и нотарска дејност, за судски извршители, штедилници и менувачници, туристички бироа и агенции, приватни школи, приватни градинки, детски престојувалишта и игротеки, канцеларии за сметководствени и правни услуги, канцеларии за проектански услуги и геодетски работи, канцеларии на судски преведувачи, претставништва на невладини организации и сл. надоместокот за извршената услуга, за одржување на јавната чистота изнесува 150,оо ден. месечно.

За првните лица кои вршат нестопанска дејност и не се опфатени во ставот 5 од овој член надоместокот за извршената услуга за одржување на јавна чистота изнесува 150,оо ден. месечно.

За сезонски објекти: фрижидери за сладолед, тезги за продажба на пченки, семенки и сл., апарати за пуканки, крофни и детски забавни игри надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 3000,оо ден., додека за тезги за сувенири и ракотворби, за продажба на книги и уметнички фотографии на отворено, цртање на портрети ,надоместокот за одржување на јавната чистота изнесува 2000,оо денари. Надоместокот се утврдува паушално и се однесува за сезонскиот период во текот на календарската година, а сопственикот на објектот е должен надоместокот да го исплати пред отпочнување со работа.

**Член 5**

Данокот на додадена вредност не е пресметан во висината на утврдениот надоместок и истиот е на товар на корисниците на услугата.

**Член 6**

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота се врши преку доставување на сметката, односно фактурата за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и се прикажува одвоено на сметката.

**Член 7**

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општина Охрид и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Охрид.

| | |
|---|---|
| **Број 07-2285/16** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД** |
| **14.09.2009 год.** | **Претседател,** |
| **О х р и д** | **Душко Јаковчески с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на МЈП„Проаква“-Струга за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 г.

**Број 08-2285/17**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА МЈП „ПРОАКВА“ - СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај на МЈП„Проаква“-Струга за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/17**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА РЕ„ВОДОВОД“-ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на РЕ„Водовод“-Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 г.

**Број 08-2285/18**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА РЕ „ВОДОВОД “ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** финансискиот извештај на РЕ„Водовод“ Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2009 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/18**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОЕКТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за определување на инвестициски проекти од значење на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година.

**Број 08-2285/19**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на Општина Охрид бр.8/07) и став 1 од член 50, а од Законот за измени и

дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.91/09), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 год., ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОЕКТИ**
**ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат инвестициските проекти од значење за општината Охрид.

**Член 2**

Како инвестициски проекти од значење за општината Охрид се сметаат објектите со бруто развиена површина со над 1000 мкв. Од класата на намени: А- домување, Б– комерцијални и деловни намени, В- јавни институции, Г- производство дистрибуција и сервиси и Е- инфраструктура.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општината Охрид“.

**Број 07-2285/19**
**14.09.2009 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештај на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2009 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 год.

**Број 08-2285/20**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02“) член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07“), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2009 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето на ЈП„Билјанини Извори“ – Охрид за периодот од 01.04.до 30.06.2009 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/20**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ СО КОРИСНИЦИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИНЗИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот за раскинување на договорите со корисниците на јавните паркинзи, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 год.

**Број 08-2285/20-1**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 год. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ СО КОРИСНИЦИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИНЗИ**

Со оглед дека ЈП„Билјанини Извори“ покрај дејноста стопанисување со спортски објекти има дејност и стопанисување со јавните паркинзи, а имајќи ги во вид потешкотиите со кои се среќава ЈП во работењето, а кои се од финансиска природа односно потешкотиите во редовната исплата на плата на вработените, да се задолжи Градоначалникот и општинската администрација да започне постапка за раскинување на договорите со корисниците на јавните паркинзи и давање на истите на стопанисување на ЈП „ Билјанини Извори“.

Крајниот рок на предавање на јавните паркинзи на стопанисување на ЈП е 31.12.2009 год.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/20-1**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 9 УРБАН БЛОК 9.2. 2009-2014**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 9 урбан блок 9.2. 2009-2014, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 год.

**Број 08-2285/21**
**04.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.09.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 9 УРБАН БЛОК 9.2. 2009 -2014 ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува Нацрт-детален урбанистички план за урбана заедница 9 урбан блок 9.2. 2009-2014.

**Член 2**

Со овој нацрт-урбанистички план се опфаќа простор со површина од 15,5 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за урбана заедница 9 урбан блок 9.2. е опфат по границите на :

- ул. Прв градски ринг, дел од ул.“7.Ноември“, ул.“Егејска“, дел од ул.“Железничка“ и ул. “Абас Емин“.

**Член 3**

Нацрт деталниот урбанистички план за урбана заедница 9 урбан блок 9.2. со тех. бр.2026/08 изработен од „ЗУАС“ Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациска основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 9 урбан блок 9.2. 2009-2014.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови и во тој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

| | |
|---|---|
| **Број 07-2285/21** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД** |
| **04.09.2009 год.** | **Претседател,** |
| **О х р и д** | **Душко Јаковчески с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК 7, ОПФАТ 1 2009-2014 (ЛАГАДИН-ПЕШТАНИ)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за урбан блок 7, опфат 1 2009-2014 (Лагадин–Пештани), што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 г.

**Број 08-2285/22**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на Општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК 7 ОПФАТ 1 (ЛАГАДИН–ПЕШТАНИ) 2009 -2014 ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план урбан блок 7 опфат 1 2009-2014 општина Охрид.

**Член 2**

Со овој Нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 1,30 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт деталниот урбанистички план урбан блок 7 опфат 1 е опфат на границите:

- По осовина на постојна улица 1, по осовина на новопроектирана улица 2 и по границата на катастарски парцели.

**Член 3**

Нацрт деталниот урбанистички план за урбан блок 7 опфат 1 со тех.бр. 03/09 изработен од „ПОЛОГ ПРОЕКТ-ПРО“ ДОО Гостивар содржи:

- планиран развој - текстуален дел и графички прилог;

- документациска основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план урбан блок 7, опфат 1 2009-2014.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови и тој кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/22**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2009 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на дополнувањето на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2009 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 г.

**Број 08-2285/23**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2009 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува дополнувањето на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2009 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/23**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.51/05), член 60 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на ден 14.09.2009 год. донесе

**Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А П Р О Г Р А М А Т А**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2009 ГОД.**

Со Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2009 година се планирани активности за изработка на урбанистички планови како и нивни измени и дополнувања врз основа на анализата на постојните планови, анализата на реализацијата на плановите, застареност на плановите, нивна неусогласеност со новонастанатите општествени промени и новите законски прописи за урбанистичко планирање, укинување на плановите од Уставниот суд, барања на правни и физички лица заради разрешување на имотно правната сопственост и други потреби. Плановите од Програмата можат да бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија, од Буџетот на општина Охрид и од заинтересирани правни и физички лица.

Дополнувањето на програмата се врши поради пројавените потреби на граѓаните, Општината, републиката и други инвеститори кои не биле предвидени во Програмата за 2009 година

**I. Измена на делови  од ГУП - Охрид  2002 - 2012**

**1. Измена на намена на површина на дел од УЗ 2   УБ  2.4**
/ Факултет за туризам и угостителство /

Во ГУП - Охрид 2002-2012  донесен во 2006 година површината на УБ 2.4 е со  намена  домување со хотелиерство и хотелиерство – угостителство . Во моментот на изработка на ГУП-от на тој простор егзистирал Факултетот за туризам и угостителство. Бидејќи Факултетот за туризам и угостителство сеуште егзистира на соодветниот простор на кп.бр.17119,17120,17164 , а по барање на Факултетот се врши дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2009 година.

**Број  07-2285/23-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2009 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески  с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување на Одлуката за подигање спомен обележје на руската књегина Олга и рускиот кнез Владимир, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 г.

**Број  08-2285/24** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2009 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески  с.р.**

Врз основа на член 5 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ( Сл.весник на рм. бр.66/04),член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на Одлуката за подигање спомен обележје на руската кнегиња Олга и крунисувањето на рускиот кнез Владимир. бр. 07-1935/3 од 05.08.2009 год.

**Член 2**

Во текстот на одлуката за подигање спомен обележје на руската кнегиња Олга и крунисувањето на рускиот кнез Владимир, зборот „ Руската“ се заменува со зборот „ Великата“, а зборот „рускиот “ се брише.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2285/24**
**14.09.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД 2

2. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОЕМУЦ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ОХРИД 6

3. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕКИСО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ОХРИД 8

4. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОУТУ„ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД 9

5. ОДЛУКА ЗА УРЕДУВАЊЕ НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ САЛИ 11

6. ОДЛУКА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“- ЧУДОТВОРЕЦ 12

7. ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН–ОБЕЛЕЖЈЕ НА СВ. НАУМ ОХРИДСКИ – ЧУДОТВОРЕЦ 13

8. ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД 14

9. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.ДО 30.06.2009 ГОДИНА. 29

10. ЗАКЛУЧОК 29

11. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.ДО 30.06.2009 ГОД. 30

12. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ТЦ„АМАМ“-ОХРИД СОПСТВЕНОСТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД 31

13. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ГРАДСКИ ПАЗАР-ОХРИД СОПСТВЕНОСТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД 32

14. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛНИ САДОВИ ЗА ОТПАД ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА КОМУНАЛНАТА УСЛУГА-ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД 33

15. ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА И УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА 34

16. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА МЈП“ПРОАКВА“-СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 Г. 37

17. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ НА РЕ“ВОДОВОД“-ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2009 ГОД. 38

18. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОЕКТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД 39

19. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2009 ГОД. 40

20. ЗАКЛУЧОК ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ СО КОРИСНИЦИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИНЗИ 41

21. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 9 УРБАН БЛОК 9.2 2009-2014 ГОДИНА 42

22. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК 7, ОПФАТ 1 2009-2014 Г. (ЛАГАДИН-ПЕШТАНИ) 43

23. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2009 ГОД. 45

24. ОДЛУКАЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР 47